GS1 Глобален деловен јазик
Македонија

# GS1 е-Инфо

No. 2– Мај 2013



## Почитувани читатели на е-ИНФО на GS1 Македонија

Во желба да ви ја доближиме тематиката на GS1 стандардите и олесниме пристапот до актуелните содржини и интересни информации, минатиот месец започнавме со издавање на наше електронско списание ИНФО. На овој начин ќе бидеме во можност секој месец да ги дополниме и збогатиме Вашите знаења со најнови текстови кои ги следат активностите на експертите во рамките на GS1 Global Office и развојните тимови задолжени за следење на темите ширум светот.

Првиот, априлски број беше посветен на прославата на 40-та годишнина на меѓународната GS1 организација, бидејќи се совпадна со  3 април 1973 година, кога лидерите во прехранбената индустрија заеднички го избраа линеарниот бар код (EAH-13 бар код симбол) како нивен индустриски стандард за идентификација на производите, сега познат како GS1 бар код, без кој денес не може да се замисли регуларно движење на стоките низ трговскиот синџир низ светот и бизнис комуникацијата помеѓу различните географски и јазични подрачја.

Во овој број ќе Ве информираме како GS1 Македонија со своите активности  се вклучи во планетарното одбележување на 40-та годишнина на GS1 - Глобален јазик на бизнисот, со многу други интересни содржини.

Со овој информатор, се надеваме дека ќе Ви помогнеме подобро да ја разберете GS1 организацијата и нејзините активности. На пример, дали знаете дека GS1 организацијата оваа година слави 40 години од нејзиното формирање? Или дека има 111 членки ширум светот? Дали знаете дека повеќе од 2 милиони компании, мултинационални и локални, ги користат нашите стандарди за своите бизнис потреби во повеќе од 150 земји? Дали знаете дека GS1 стандардите се користат во сите сектори, вклучувајќи ги здравството, транспортот и логистиката, индустријата за високо технолошки производи, автомобилската индустрија, банкарскиот сектор, книгоиздателството и печатените списанија и весници, библиотеките, магацинското ускладиштување, а најмногу во  синџирот на набавка во трговијата, производството и малопродажбата...?

GS1 Стандардите обезбедуваат основа која дозволува продуктите, сервисите и информациите за нив да се движат поефикасно и побезбедно, за доброто и благодетот на бизнисот и за подобрување на животот на луѓето, секој ден и секаде.

Ве очекуваме на страниците на GS1 Македонија е-Инфо списанието, како наш скромен придонес кон намалување на бројот на печатени страници и зачувување на животната средина.



**Слаѓана Милутиновиќ,**
Извршен директор

СОДРЖИНА:

**Управниот одбор и Собранието на GS1 Македонија ја прославија 40-та годишнина на GS1 ……………………. 2**

**40 години бар кодови …………… 3**

**WCO и GS1 ги здружуваат силите во борбата против фалсификувањето и го пуштаат во употреба новиот мобилен IPM ..................................... 6**

**Теми на бројот ………………………. 8**

- GS1 стандардите можат да им помогнат на владите да ја зголемат безбедноста на нивните граѓани

## Управниот одбор и Собранието на GS1 Македонија ја прославија 40-та годишнина на GS1

Во рамките на GS1 семејството во 150 земји низ светот оваа година се одбележува јубилејот на 40 години постоење на Меѓународната GS1организација. По тој повод, сите национални GS1 организации се инструирани од GS1 Global Office да организираат во своите земји различни активности и за тоа да ја информираат Централата. GS1 Македонија сериозно пристапи кон исполнување на оваа обврска со креирање и реализација на низа различни промотивни активности, со исклучиво сопствени ресурси, како човечки, така и финансиски.

Меѓу најзабележителните, кои добија пофалби од раководството на GS1 Global Office-Brussels и најмногу гласови од другите GS1 организации за својата оригиналност и ги инспирираа и другите да истото го направат беа: поставување на микро сајт за 40-та годишнина, издавање на првиот број на електронското списание е-ИНФО- посветено на јубилејот, превод и печатење на брошура специјално дизајнирана со историски осврт на развојот на GS1, редизајнирање на facebook и twitter профилот на GS1 Македонија со содржини поврзани со 40-та годишнина, посебна видео презентација со која се промовира овој јубилеј на сите наши едукативни сесии и работилници со членките кои ги одржуваме низ градовите во Републиката.

GS1 Македонија е прва во светот која го издигна нивото на промотивните активности врзани за прославата на 40-та годишнина на GS1, организирајќи седници на Управниот одбор и на Собранието во месецот на започнување на јубиларната прослава.






По завршување на работниот дел на органите на управување на GS1 Македонија, кои дадоа свој придонес кон зголемување на респектабилноста на интернационалната прослава на 40-та годишнина на GS1, се организираше коктел на кој најголемо внимание привлече тортата со оригиналното лого специјално дизајнирано за јубилејот на македонски јазик.




GS1 Македонија е исто така прва со светот со овој тип на промоција, а тортата потоа послужи да изготвиме и видео анимација која е поставена на нашата веб страна и апсолутен е победник по добиените гласови за уникатната креација.

# 40 ГОДИНИ БАР КОДОВИ

**Во 1973 година, лидерите во индустриите заеднички избраа единствен стандард за идентификација на производите - бар кодот. Она што започна како начин да се забрза внесот на местото на продажба во продавниците денес премина во глобален јазик на бизнисот - заеднички начин на трговските партнери насекаде во светот за идентификација, примање и споделување на информации за производи, локации, ...**




## 1952

**Норман Џозеф Вудланд и Бернард Силвер поднесле патерн за линеарен код во форма на круг. Нивната идеја: да го претставать звукот во филмовите преку Морзеова азбука. Принципот на претстава со кругови дозволува кодот да се скенира во сите насоки.**

## 1967

**Дистрибутерот на RCA средствата - Крогер започнува да го користи автоматското регистрирање на залихи во магацините.**




## 1973

**На 30 март, комитетот на дистрибутери (General Foods,...) и претставници од индустриите (P&G,...) избрале единствен бар код, кој ќе го користат за нивните производи. Бил избран UPC 10 - цифрениот бар код (решение од IBM).**

## 1975

**Европскиот комитет го воспоставува стандардот за EAN 13 (European Article Number), составен од 13 цифри (бидејќи претходниот стандард го ограничувал бројот на артикли кои можат да се идентификуваат на само 10 милиони).**

## 1989

GS1 стандардите се прошируваат и кај логистичките единици со GS1-128 бар кодовите.
GS1 го прави првиот чекор во електронски бизнис со оргиналната верзија на EANCOM.

## 1993

**Дво-димензионалниот бар код DataMatrix е прифатен од страна на GS1 како еден од носителите на идентификациските клучеви. Ваквиот 2D бар код наоѓа огромна примена (здравство, следливост). Може да се сретне на веб-сајтовите, видеата, пакувањата и електронските билети, итн.**

## 1994

**Во Република Македонија се формира EAN MAK непрофитна и деловно неутрална асоцијација на македонските компании.**

## 2006

**Започнува употребата на новото име на организацијата GS1 Македонија, како национален претставник на меѓународната GS1 организација.**

***(Превземено од LSA Magazine, Франција)***

# Работна посета на винарската визба „ПОВАРДАРИЕ“ АД- Неготино




Во рамките на своите редовни активности за интерактивни едукативни сесии со своите членки по одделни градови низ Републиката, GS1 Македонија на 16.05.2013 одржа работилница со членките од Неготино и Кавадардци и ја посети винарската визба “Повардарие“ АД- Неготино. Таа е меѓу првите фирми кои се зачлениле во Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите, на 29.06 1994 година и ги баркодира своите производи со македонски бар код.

Прва компанија во Македонија која изработи GS1 Логистичка етикета користејќи го софтверот на GS1 Македонија




За одбележување е фактот што “Повардарие“ е **првата** компанија во Македонија која за решавање на проблемот со задолжителните услови кои ги постави иностраниот партнер, ги обележа своите транспортни пакувања за извоз со GS1 логистичка етикета, користејќи го софтверот на GS1 Македонија. Претставниците на „Повардарие“ ги изнесоа пред останатите присутни на работилницата своите позитивни искуства при користењето на софтверот и помошта која ја добиле од тимот на GS1 Македонија, високите оценки за квалитетно изработена логистичка етикета по GS1 стандарди и задоволството што со тоа успеале да го задржат ино партнерот за идни бизнис зделки.

Винарската визба “Повардарие“ АД- Неготино, основана е во 1963 година со основна дејност –производство на вино и алкохолни пијалоци. Сместена е во срцето на Повардарскиот регион во кој се одгледуваат најквалитетните сорти грозје. Од скромните почетоци на своето работење со само 25 вработени и 500.00 литри годишно производство, оваа година кога слави 50 години од своето постоење, може да се пофали со производство од 30 милиони литри, колку и годишно откупува од индивидуалните лозаропроизводители, долгогодишни коопeранти од регионот и исто толкав капацитет за складирање на виното.



Поттик во развојните активности во “Повардарие“ се инвестиционите вложувања кон крајот на 2008 година од страна на АД ВИНО ЖУПА – Александровац, Р. Србија, со што започнува нова ера во работењето. Континуираните странски инвестиции во производниот процес придонесуваат да “Повардарие“ прерасне во најголем производител на вино во Р. Македонија, но и да стане производител на гроздов и јаболков концентрат.




Винарската визба “Повардарие“ е извозно ориентирана компанија која 50 години успешно одговара на потребите и барањата на различните пазари. Повеќе од 80% од производството како наливно или флаширано вино го пласира на странските пазари: Србија, Хрватска, Словенија, Косово, Црна Гора, Чешка, Германија, Кипар и други.

Најбарани вина се од следните сорти на грозје: Мерло, Каберне Совињон, Вранец, Пино ноар – од црвените, а од белите сорти се: Шардоне, Жилавка, Смедеревка, Траминец, Ризлинг, Совињон бланк.

Умешноста за правење на вино на тимот на технолози во “Повардарие“, техниката и технологијата која се користи, како и поволните климатски и почвени услови (судир на континенталната и медитеранската клима, многу топли, сончеви денови, најмал процент на врнежи, највисок процент на природни шеќери во грозјето), овозможуваат вината да бидат со висок квалитет и препознатливи секаде во светот.



Во своето работење ги имплементираат меѓународните GS1 и HACCP стандардите, што се основни предуслови за пробив на странските пазари.

“Повардарие“ се грижи не само за воведување на нови техники и технологии, туку и за културното наследство. Од 1998 година ја возобновува вековната традиција на прославување на 14 февруари – св. Трипун, заштитник на лозарите и организираат пригодни свечености во присуство на многу домашни и странски гости. Планираат во иднина оваа манифестација да стане една од поголемите во Македонија.

# WCO и GS1 ги здружуваат силите во борбата против фалсификувањето и го пуштаат во употреба новиот мобилен IPM

Светската Царинска Организација (The World Customs Organization-WCO) и GS1 ќе учествуваат на претстојниот 7ми Глобален Конгрес за Борба против Фалсификувањето и Пиратеријата, кој ќе се одржи во Истанбул, Турција од 24 до 26 април. Во оваа прилика, двете организации ќе ја претстават новата мобилна верзија на IPM (Interface Public-Members), он-лајн алатка на WCO која служи како интерфејс меѓу царинските службеници од првата линија и приватниот сектор.

Настојувајќи да се справат со недозволената трговија со фалсификувани и пиратски стоки, WCO и GS1 се посветени на обезбедување на Царината со најдобрите достапни технологии. WCO за првпат го претстави IPM во 2010 година за да ја засили соработката меѓу Царината и сопствениците на правата преку олеснување на размената на информациите и зајакнување на капацитетот на Царината за борба против фалсификувањето. Оттогаш, преку 50 држзави се приклучија и околу 3.000 Царински службеници сега се приклучени во IPM.



Следејќи го договорот меѓу WCO и GS1 за соработка насочена кон оптимизација на нивната борба против фалсификатите, GS1 стандардите за идентификација се интеркорпорирани во IPM, овозможувајќи веродостојна и чиста автентификација на едниниците и со тоа јакнење на легитимитетот на IPM како единствена алатка на глобално ниво за борба против фалсификувањето и пиратеријата.

Врз основа на верзијата на IPM која има огромен успех, WCO и GS1 со задоволство ја претставија најновата – мобилна верзија на IPM. Оваа нова верзија нуди нови функции како што е користењето на мобилни уреди за скенирање на индустриските стандарди - GS1 БарКодовите кои се наоѓаат на милиони производи, овозможувајќи притоа пребарување низ базата на податоци за производите на побрз и поефикасен начин. Единствениот Идентификатор на производот вграден во GS1 бар кодот ќе го олесни пристапот до поголем број бази на податоци обезбедувајќи доверлив извор на информации за производите. Скенирањето на GS1 БарКодовите исто така ќе овозможи автоматско поврзување со било кој автентификациски сервис поврзан со контролираниот производ. Царинските службеници на овој начин имаат пристап до подетални информации за производите, а дополнително

> ***"Соочени со растечката трговија со фалсификувани стоки, WCO и нејзините Членки се решени да работат заедно со GS1 и други засегнати организации да се борат со оваа опасност по здравјето и безбедноста на потрошувачите ширум светот"***
>
> Генералниот Секретар на WCO, Kunio Mikuriya

сопствениците на правата ќе бидат охрабрени да се приклучат во IPM.

Генералниот Секретар Микурија притоа додаде и дека "корисноста на *IPM постигна глобална препознатливост од страна на нашите партнери од приватниот сектор. Нашата соработка со GS1 ни овозможи понатамошен развој на функционалности на IPM, правејќи го попристапен и доверлив. Несомнено, IPM е есенцијална алатка за помош на Царинските службеници при разликувањето на оригиналните од фалсификуваните производи*".

*"Со GS1 системот на стандарди и нашата сèвкупна стручност во менаџментот на синџирот на снабдување, GS1 може да им помогне на Царинските органи во процесот на подобрување на нивниот капацитет за откривање на фалсификуваните производи "*, изјави Претседателот и Извршен Директор на GS1, Мигел Лопера (Miguel Lopera).

*"Новата, мобилна верзија на IPM во која се интегрирани GS1 БарКодовите и сервисите за нивна автентификација, на сопствениците на брендовите од сите сектори им дава можност да работат директно со Царината за подеднакво ги заштитат своите брендови и потрошувачите"* додаде Претседателот Лопера.

GS1 и WCO постојано соработуваат на решавање на проблемите поврзани со Царинските прашања, со цел да се обезбедат решенија за конкретна идентификација и следливост, за да може Царината да ги идентификува потенцијално фалсификуваните стоки. Соработката меѓу двете организации дополнително е зајакната со ***Меморандумот за Разбирање*** потпишан во ноември 2007 година.

**(Известување за јавноста -** Брисел, 22 април 2013**)**

## Транспорт и логистика - GS1 стандардите можат да им помогнат на владите да ја зголемат безбедноста на нивните граѓани

Во последните неколку години, кај многу луѓе се појавија грижи дека тие ги изложуваат своите семејства и себе си на производи и храна со лош квалитет. Дали може да им се верува на играчките кои ги купиле за нивните деца, или на месните и земјоделските производи кои ги чуваат во нивните фрижидери?

Неодамна Doug Bailey, претседател на Комитетот за системи за размена на податоци



при трговија од САД (IDTS PIC), кој што бил креиран со цел да се идентификуваат нови начини за подобрување на ефикасноста и ефективноста во меѓународниот транспорт на производите, во врска со улогата на владите во превенција на храна и производи, кои не се безбедни или се со висок ризик изјави:

> Владите несомнено имаат одговорност да ги проверуваат набавките со цел да не се дозволат опасни производи. Но, буџетите со кои располагаат се мали, а обемот на набавки расте се повеќе, па затоа тешко можат да се направат овие проверки. Владините инспектори едноставно не можат да проверат се. Тие не се доволно бројни.

Со цел да се овозможат брзи одлуки со зголемена доверба при прифаќањето на производите, мора да се обезбеди подобра видливост на испораките. Бидејќи Bailey претходно работел во дистрибутивните синџири во секторите на месната индустрија и живинарството, тој е запознаен со начинот на кој GS1 стандардите овозможуваат бизнисите да ја обезбедат зголемената видливост, која е потребна за нивна соработка со владите.

Потребата за инспекција и испитување на пакуваните производи при премин на граници може да се намали 80% во првата година доколку се користат GS1 GTIN-ови и GS1 Глобалната класификација на производите (GPC).

Во декември 2011, ITDS PIC објави извештај со наслов "Бизнис причините за користење податоци преку е-комерција за менаџирање на производите кои се пренесуваат преку меѓународни граници", во кој предлага користење на GS1 и UN стандардите на волунтаристичка основа за поголема видливост на податоците за производите.

Пилот испитување во секторот на играчки и видео игри, довело до интересни заклучоци. Резултатите покажале дека 68% од играчките и видео игрите увезени во САД биле увезени повеќе од еднаш во рок од 12 месеци – во просек секоја играчка или игра била увезена повеќе од 4 пати годишно!

Тоа значи дека 75% од играчките и игрите кои се наоѓаат во царинските магацини имаат декларација која претходно била одобрена, а само една четвртина од нив треба да бидат проверени и одобрени од царинските службеници.

Тука може да се овозможи дополнителна заштеда и поголема ефикасност.



Сите претходно одобрени производи можат да бидат идентификувани и одобрени однапред, доколку царината го користи GS1 GTIN за идентификација на овие производи при нивниот внес во база, а царинските службеници можат да го фокусираат ограниченото време и ресурси на верификување на други производи, кои претходно не биле внесени во земјата.

При проценката на просечните трошоци за испитување на производите, се утврдило дека еден набавувач на играчки може просечно да **заштеди $30.000 секоја година** поради помалиот број на испитувања. Можеби, позначајно е дека производот ќе може да биде "претходно одобрен" од страна на царината пред тој воопшто да биде доставен во земјата, што ќе води до поголема видливост и ефикасност во дистрибутивниот синџир и многу поефективен проток на добрата.

• • •

**"Со користење на GS1 стандардите на овој начин, владите ќе знаат на кои набавки ќе треба да се фокусираат, а на кои нема потреба да се фокусираат. Тоа е логичен и ефикасен начин да се намалат проблемите и да се овозможи фокусирање на реалните производи со висок ризик."**

• • •